

Наум Тахов (1867 – 1913) е слеп народен пејач од Крушево, собирач на народни умотворби и автор на песни. Во 1895 година, во Софија го отпечатил и издал својот зборник со македонски народни песни. Десетина песни му ги отстапил Марко Цепенков. Објавени се и 40 влашки песни. Голем број од песните се однесуваат за личности од ослободителното движење од тој период. Некои од песните се негови лични творби. Во 1904 година објавил и посебна збирка „Македонска солза“ со лични и народни песни посветени на Илинденското востание.

Наум Тахов е роден во 1867 година во Крушево, во влашко семејство. Како мал имал некаква болест на очите и некаква неука бајачка го лекувала со жежок ориз, по што светлината во нив засекогаш згаснала. Во светот на темнината, единствено светло му се песните кои ги учи напамет. Знае неколку стотини песни од кои најмногу за македонските војводи.

Цели седум години Наум собирал песни од кои потоа ќе ги објави во јавноста. Голем дел од песните (160) тој ги добил од бабата Дафа Цепенкова, родена во градот Прилеп, а која долго живеела во Крушево. Таа била неисцрпен извор на народни песни, но починала на 103 годишна возраст и со себе однела во гроб многу песни, кои Наум не успеал да ги „забележи“. Освен баба Дафа, Наум собрал и 32 песни од Георги Стојчев од Крушево, а добил од Марко Цепенков од Прилеп уште десет песни. Останатите ги слушал и запишал од разни пејачи од Крушево. Покрај македонски Наум собирал и влашки песни.

Во 1890 година емигрира во Бугарија и се населува во Софија. Таму формира семејство и има три ќерки: Донка, Захарија и Евдокија. Македонската емиграција го канат на собири и панаѓури за да им пее песни за македонските војводи, а неговиот дом станал вистинско собиралиште на македонските револуционери. Во неговиот дом престојувале Кимо Георгиев, Тане Кљанцов, Антон Попстојанов, Веле Марков, браќата Никола и Питу Гули и многу други.

Неговата ќерка Евдокија ќе остави сведоштво дека и Гоце Делчев престојувал во нивниот дом. Тој долго разговорал со нејзиниот татко и една недела потоа човек на

Далчев го испратил Наум на железничката станица за да пренесе пошта во Цариград. Турците верувале дека слепите се бележани од бога и дека не треба да се претресуваат, па така Наум, слепиот пеач од Македонија, станал курир и патувал повеќе пати со пошта во Цариград, Битола, Штип, Сер и други места. Доаѓал и во Куршумли ан од каде преземал и им носел писма од осудените.

Најголемиот дел од песните кои Наум Тахов - Унче ги собрал, ќе бидат запишани и објавени на чист Крушевско-Прилепски дијалект (македонски јазик), а слабостите кои се појавуваат во нив ќе му бидат препишани на оној кој му помага при нивниот запис. Во 1895 година во Софија, во печатницата на браќата П. Спиркови, Наум го печати својот прочуен зборник со македонски народни песни, кој по упаство на бугарските коректори, ќе биде насловен како „Македонски бугарски народни песни“.

Зборникот во кој се објавени покрај собраните македонски народни песни и негови лични творби, преставува исклучителен македонски еп! Голем дел од песните се однесуваат на личности од ослободителното движење во Македонија од овој период. Во нив се пее за македонските војводи како Филип, Милан, Панајот, Стефан, Васил, Ангел, Митре, Марко и др..

Покрај најголемиот број македонски песни, во Зборникот се објавени и 40 влашки песни. Наум, кој по потекло е и самиот Влав, едноставно неможел да остане рамнодушен на теророт и прогоните на кои биле изложени Македонците и Власите од страна на турските власти, Арнаутите и гркоманите. Слепиот пејач од Крушево, иако хендикепиран, на на свој начин се вклучува во преродбенската борба и дава допринос во македонското ослободително движење.

По Илинденското востание 1903 година, Наум ја издава „Македонска солза“, по што бугарскиот фолклорист и историчар Михаил Арнаудов, со потекло од тетовското село Вратница, ќе го нарече Наум Тахов „нашиот Хомер од Илинден“.

Животот на Наум Тахов од Крушево преставувал вистински подвиг. Ослепен по раѓањето, тој гледал, како што вели „со очите на својата душа“. По извршената курирска мисија во Дупница, на враќање умира во близина на Централната железничка станица во Софија во 1913 година.